
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
години 10 член на
ФИФА и УЕФА
FOOTBALL
FEDERATION
OF MACEDONIA
years member of
FIFA & UEFA
Сепак се врти
ФФМ
9




# А, Б, В на македонскиот фудбал

**28 април 1992** // Струмица.
На конференција на ФСМ, донесена е одлука за раздружување од ФСЈ.

**13 октомври 1993** // Крањ, Р. Словенија.
Деби на македонската фудбалска репрезентација против Словенија.

**17 декември 1993** // Лас Вегас, САД.
Привремено членство на ФСМ во ФИФА.

**14 јануари 1994** // Цирих, Швајцарија.
Привремено членство на ФСМ во УЕФА.

**22 јануари 1994** // Манчестер, Англија.
Македонија е вклучена во ждрепката за квалификациите од ЕП-96.

**28 април 1994** // Виена, Австрија.
ФСМ станува полноправен член на УЕФА.

**16 јуни 1994** // Чикаго, САД.
ФСМ станува полноправен член на ФИФА.

**7 септември 1994** // Скопје.
Македонската репрезентација го одигра првиот официјален натпревар во квалификациите за ЕП-96 против Данска.

**22 ноември 1994** // Цирих, Швајцарија.
Македонските фудбалски судии се примени на интернационалната главна и помошна листа на ФИФА.

**17 јануари 1995** // Истанбул, Турција.
ФСМ е примен во Балканската фудбалска федерација.

**25 декември 2003** // Скопје.
ФСМ го менува статусот од Сојуз во Федерација (ФФМ).

## содржина


Обраќање на претседателот на ФФМ 03
Обраќање на потпретседателот на ФФМ 04
Обраќање на генералниот секретар на ФФМ 04
Сепак се врти 05
Моменти кои се паметат 07
Настапи на македонската репрезентација 08
Година на јубилеи 10
Единаесет години фудбалско првенство на Македонија 11
Фудбалски куп на Македонија 14
Македонските екипи во европските купови 16
Квалификации за СП 2006 17


# фудбал

Игра со долга и богата историја. Игра која лесно се разбира и игра. Игра која може да се игра секаде и во секое време. Игра која ја играат 250 милиони луѓе на планетата. Спорт за мажи, жени, момчиња, девојки... Спорт за сите... Најважна споредна работа на Светот. Фудбал...

# 95 години македонски фудбал

Сé започна во 1909 година. На 7 април во Скопје, турски офицери на школување во западноевропските земји, на импровизираното игралиште кај некогашната учителска школа во населбата Ислахане (Идадија), го одиграа првиот фудбалски натпревар. Тогаш топката за првпат тргна од центарот и започна да ја испишува историјата на македонскиот фудбал. А во неговиот времеплов меѓу другото пишува:

Првиот фудбалски клуб во Македонија е формиран во 1911 година под името Ускип (Скопје), како претходница на СК Вардар (1912), Перистер од Битола (1914) и Којновиќ (1915). Во првите денови на април 1919 година, во Скопје се одржа, масовно посетеното, основачко собрание на СК Напредак, кој набргу потпадна под патронат на англиската хуманитарна организација Христијанска заедница на младите луѓе. Овој клуб на 20 април, непосредно по формирањето, во Скопје, го одигра првиот официјално плакатиран, а воедно и прв меѓународен натпревар во Македонија, забележувајќи ја првата победа над репрезентацијата на англиската војска од 2:0.



По овој успех, во сите поголеми градови, на маалска основа и со голема помош на чаршијата, се формираа нови спортски клубови, кои беа самоорганизирани, бидејќи дури во 1924 година беа примени за членови на белградскиот фудбалски потсојуз, кој за нив формира посебна управа под името скопска фудбалска жупа. Таа во 1927 година прерасна во Скопски фудбалски потсојуз (СЛП), во кој членуваа не само клубовите од територијата на Вардарска Бановина, туку и од Врање, Лесковац, Косово и Метохија, па дури и од Горица, Црна Гора.

За време на фашистичката окупација на многу фудбалски клубови им беше забрането да работат. Но, веднаш по ослободувањето, во есента 1945 година, за првпат во историјата на македонскиот фудбал, се формира Македонска фудбалска репрезентација. Таа учествуваше на првото повоено првенство на Југославија, во Белград, каде во својот прв натпревар загуби од селекцијата на Војводина со 1:3. Водството и првиот гол за македонскиот тим го постигна Јане Јаневски, во 18-тата минута.

Вистински препород и омасовување на македонскиот фудбал почна со формирањето на Одборот за фудбал при фискултурниот сојуз на Македонија, кој со одлука на Владата на Македонија беше формиран во 1945 година. Одборот, на 16 август 1948 година, прерасна во Фудбалски сојуз на Македонија, чиј прв претседател беше писателот Коле Чашуле, а Генерален секретар легендата на македонскиот фудбал, Драган Геров-Гагуш. Во сојузот набргу се формираа и стручни организации. Започна со работа Сојузот на фудбалските судии, како продолжение на судскиот одбор, што во Скопскиот фудбалски потсојуз во 1927 година го формира првиот македонски испитан судија Душко Поповски. Во 1952 година скопскиот судија Борче Неделковски стана прв македонски, меѓународен судија, како претходник на многу други кои подоцна го понесоа амблемот на ФИФА.

Нашите фудбалери достојно го претставуваа македонскиот фудбал низ Светот, настапувајќи за своите клубови или во разни селекции на националните тимови на Југославија, а по осамостојувањето и на Македонија. Нивните имиња се наоѓаат и меѓу освојувачите на највисоките одличја на меѓународни турнири, Светски, Европски и Олимписки игри. Иако македонските тимови во сите конкуренции во кои што се натпреваруваа беа меѓу водечките, најголем успех постигнаа: скопски Граѓански, како прв македонски прволигаш во шампионатот на Кралството Југославија во 1938/39 година. По ослободувањето Победа стана прволигаш во нова Југославија, на која подоцна и се придружија и скопските тимови: Вардар и Работнички, а подоцна и Тетекс од Тетово. Меѓу прволигашите Вардар е најуспешниот македонски тим, кој во 1961 година го освои Југословенскиот куп, а во натпреварувачката 1986/87 година ја понесе шампионската титула на југословенскиот фудбал.

**Ивко Пангоски**

Авторот е доајен на
македонското спортско новинарство



# Верувам во нашата воља за успех



**Хари Хаџи-Ристески**
претседател на ФФМ

Како најважна споредна работа на земјиниот глобус, фудбалот, игра на милиони, ужива огромно внимание. Убеден сум дека како најпопуларен спорт, тоа внимание го има и во нашата Земја. Во оваа прилика кога славиме 10 години од приемот на ФФМ, (тогаш ФСМ) во ФИФА и УЕФА, нема дилеми, Македонија е важен член на светското фудбалско семејство.

Осамостојувањето на нашата држава ни овозможи за првпат да оформиме национална селекција и рамноправно да учествуваме во квалификациските циклуси за европските и светските шампионати. Во дуелите со силните светски репрезентации да се истакне македонското знаме и да се слушне македонската химна...

Со други зборови, фудбалот, преку репрезентативните настапи, стана голем амбасадор на Македонија во обидите за што поуспешен пробив на меѓународната сцена на нашата мала и за првпат независна држава.

Времето ќе покаже колку успешно ја продолживме долгата традиција на овие простори и дали во овие 10 години независен фудбал во Македонија ѝ ја овозможивме на "буба-марата" вистинската подлога за развој и експанзија.

Верувам во нашата воља за успех, преку брзо и квалитетно престројување според Лиценцниот систем и Статутот на УЕФА. Особено се радувам што поголем дел од клубовите навреме го сфатија тоа и веќе ги преземаа првите чекори за лиценцирање.

Ние како фудбалска федерација ги организиравме сите сили и заедно со огромната помош што ја добиваме од ФИФА и УЕФА се обидуваме да ги обезбедиме сите потребни услови за непречен настап на клубовите на европската фудбалска сцена.

Првата значајна инвестиција беше доуредувањето на Градскиот стадион во Скопје. Следниот чекор е преку проекти да ги доуредиме стадионите во Струмица, Куманово, Прилеп, Тетово и на Чаир во Скопје. Веќе се издадени и првите про-лиценци за тренери, а во периодот што следува посебно внимание ќе обрнеме на подобрата едукација и поставеност на судиската организација. Еден од нашите главни приоритети е обезбедувањето на што поголем број терени за работа со младите категории, но и усовршување на стручен кадар за поквалитетен тренажен процес.

Наша посебна грижа се фудбалските селекции. Оваа година "А" репрезентацијата на Македонија ќе го одигра 100-тиот меѓународен натпревар, а веќе неколку наши репрезентативци влегоа во "клубот 50", што значи дека и во тој поглед негуваме посебна традиција. Секој добар резултат во дуелот со фудбалските велесили, како Англија, потоа Р. Ирска, Данска, Белгија, Чешка, Хрватска и т.н. силно одекнува во фудбалска Европа и има непроценлива вредност за нашата афирмација на меѓународен план.



**Досегашни претседатели на ФФМ**

**Љубисав Иванов - Зинго**
февруари 1993 // септември 1999

**Ламбе Арнаудов**
септември 1999 // септември 2002

луѓе

## Фудбалот ги зближува луѓето



**Реџеп Беџети**
потпретседател на ФФМ

Фудбалот во Македонија е еднакво популарен и присутен кај сите граѓани, без оглед на националната и верската припадност. Оваа игра на најдобар можен начин ги зближува луѓето, раѓа пријателства, соработка, но и афирмира. Денес можеме да констатираме дека во изминатите 10 години, а и претходно, фудбалот остана само игра и се играше без прекин, дури и во најтешките моменти за Македонија.

Најважна задача на Фудбалската федерација е да ги развива сите фудбалски региони подеднакво. Македонија покажа и допрва ќе се докаже како расадник на таленти. Затоа нашиот следен чекор е да работиме на афирмација на нашите фудбалери и екипи кои ќе помогнат националниот тим да постигнува се подобри резултати.

Ако сите заеднички помогнеме за подобрување на условите за работа, инфраструктурата, едукацијата, тогаш во наредните години со задоволство ќе ги доживееме посакуваните резултати.



**Досегашни потпретседатели на ФФМ**

**Ѓоко Атанасов**
февруари 1993 // септември 1999

**Михаил Пановски**
септември 1999 // декември 2002

игра

## За доброто на фудбалот



**Лазар Митровски**
генерален секретар на ФФМ

Фудбалот во Македонија се игра долги години, од генерации фудбалери, екипи и со ангажман на плејада фудбалски работници кои оставиле неизбришливи траги во овој спорт.

За среќа нашето поднебје е пребогато со таленти, што на македонскиот фудбал му овозможи безболна трансформација од квалитетната југословенска лига во шампионат на независна Македонија и пред сé создавање на квалитетна национална селекција. На самиот почеток предводена од големите ѕвезди на Вардар: Панчев, Најдовски, Канатларовски..., потоа етаблирана со игрите на Мицевски, Христов, Шаќири, Седлоски, Милошевски... и денес освежена со талентот на Пандев, Попов, Гроздановски, Васоски...

Годината 2004-та е значајна не само по јубилејот 10 години од членството во светското фудбалско семејство, туку и по големите јубилеи на двете фудбалски организации, 50 години УЕФА и 100 години ФИФА. Ја користам оваа прилика на сите оние кои за доброто на фудбалот учествуваа во креирањето на фудбалската политика и водењето на најпопуларниот спорт во нашата држава, да им го честитам јубилејот со желба сите заедно да ја надградиме фудбалската инфраструктура, да ја подобриме едукацијата, да ја зацврстиме довербата во нашите органи, како предуслов за што подобри фудбалски достигнувања дома и во Светот.



**Досегашни г. секретари на ФФМ**

**Илија Атанасовски**
септември 1988 // април 2000

**Никола Ангеловски**
мај - јуни 2000
март 2002 // април 2003 (В.Д.)

**Никола Бошалевски**
јули 2000 // март 2002



**Десет години членство во европското и светско фудбалско семејство...**

буба мара

## Сепак се врти

Македонија годинава ја одбележува десетгодишнината од членството во УЕФА и ФИФА. На овие простори по фудбалската топка не се трча само десет години. Тоа задоволство отпочнало според фудбалските историчари на Велигден, во 1909 година, во Скопје, иако има записи дека првата топка е донесена во Битола уште во далечната 1891 година.

Генерации фудбалери, судии, тренери и спортски работници се докажуваа, радуваа и тагуваа на постигнатите резултати во организираните натпреварувања во поранешните југословенски простори.

Фудбалската разделба започна во 1992 година. По двегодишно барање легитимитет, Фудбалскиот сојуз на Македонија, сега преименуван во Федерација, во 1994 година, на 28 април во Виена, е примен за полноправен член во Унијата на европските фудбалски асоцијации (УЕФА). Неполни два месеци потоа, на 16 јуни, во Чикаго, тоа задоволство на Македонија ѝ го приредува и Светската фудбалска федерација (ФИФА).




Конгресот на УЕФА во Виена, 1994

Патот за добивање на фудбалски легитимитет не беше ни малку лесен. Иницијативата за достојно раздружување од своите спортски пријатели, во екс-југословенските простори, ја почна тогашниот фудбалски лидер Алексо Кипровски. Одлуката ја донесе Конференцијата на ФСМ, во Струмица на 28 април 1992 година. Дарко Панчев, како најзвучно македонско фудбалско име, беше коопртиран во делегацијата за прием на ФФМ во ФИФА, а Ѓоко Хаџиевски ја доби улогата на капитен за формирање на македонските фудбалски селекции.

Топката се стркала. Трката за гол започна. Обврската да го постигне највредното - легитимитет за македонскиот фудбал, ја презеде новиот лидер Љубисав Иванов - Ѕинго. Македонија доби

Деби на репрезентацијата во Крањ

### МАКЕДОНИЈА СО ПОБЕДА ТРОПНА НА ПОРТИТЕ ОД ФИФА И УЕФА



Првиот гол на македонската репрезентација

**Словенија - Македонија 1:4 (1:2)**

Крањ, Република Словенија, 13 октомври 1993 година. Стадион на ФК Живила. Капацитет 3.000 гледачи. Судија: Драгутин Пољак од Хрватска. Стрелци: Бошковски во 3, Панчев од пенал во 37, Јаневски од пенал во 48 и Канатларовски во 53 минута за Македонија, а Пате во 42 минута за Словенија. Жолт картон: Глиха (С), Најдоски и Георгиевски (М).

СЛОВЕНИЈА: Симеуновиќ (од 60 мин. Зупан), Жидан (од 58 мин. Јерманиш), Новак, Миланиќ, Блатник, Пољшак (од 65 мин. Енгларо), Чех, Зулиќ (од 37 мин. Пате), Заховиќ, Удовиќ (од 46 мин. Глиха), Флоријанчич.

МАКЕДОНИЈА: З. Мицевски, Гроздановски (од 65 мин. Мемеди), Јованоски, Кантларовски, Најдоски, Јаневски, Бошковски (од 86 мин. В. Мицевски), Марковски, Панчев, Бабунски (од 12 мин. Георгиевски, од 83 мин. Милошевски), Т. Мицевски.

Двор крај Крањ беше првата дестинација каде се собра македонската фудбалска репрезентација за да дебитира на меѓународната сцена против домашната селекција на Словенија. Македонската експедиција пристигна од Скопје со авионот на "Мета". Во хотелот "Бор", со автомобил од Милано, пристигнаа "за самодоверба" и интернационалците Панчев, Најдоски и Јаневски.

Бодрени од неколку стотини македонски навивачи, избраниците на селекторот Андон Дончевски се погрижија со позитивен резултат да тргнат во офанзива за добивање меѓународен легитимитет. Убедливата победа од 4:1 беше најдобрата препорака за ФИФА и УЕФА, коишто го дозволија овој меч, да го вклучат во своето членство за рамноправен партнер и Фудбалскиот сојуз на Македонија.

Победата беше рутински извојувана. Македонија во Крањ демонстрираше "кој е кој" во фудбалот, по распаѓањето на југословенската заедница. Зоран Бошковски, покрај славниот Дарко Панчев, кој беше искористен за анимација на фудбалската игра во Словенија, побрза да си го обезбеди местото во македонската фудбалска историја, како прв стрелец во репрезентативниот дрес.

Бошковски мрежата ја затресе уште во третата минута, токму на асистенција на несудената "златна копачка" на Европа, Дарко Панчев, кој во Крањ ги демонстрираше своите голгетерски способности од белата точка.

Селекторот Андон Дончевски за овој деби натпревар на располагање имаше 17 играчи, од кои не настапија само Светозар Станковски и голманот Лазо Липоски.

самостојност. Репрезентацијата учествува во квалификациите за ЕП и СП, клубовите по двегодишно играње за домашна употреба, добија дозвола да играат во еврокуповите...

Селекторот Андон Дончевски е пред вистински предизвик со своите избраници: Панчев, Најдоски, Станојковиќ, Канатларовски, Мицевски... Во Скопје, на првиот официјален квалификациски меч, доаѓа актуелниот европски шампион Данска, репрезентација која титулата ја освои во Шведска, по административната елиминација на Југославија од ЕУРО. Фудбалски ентузијазам наспроти високиот професионализам. Градски е претесен да ги прими сите љубители на фудбалот. Атмосфера за паметење, но и резултат. Митко Стојковски го разгали гледалиштето, Панчев е исклучен, со десет играчи Македонија не издржа, европскиот шампион израмнува во последните минути од натпреварот. Ремито се слави. Бидејќи има тежина на победа.

Прв официјален натпревар

## ФАНТАСТИЧНО РЕМИ СО ЕВРОПСКИОТ ШАМПИОН...



Капитенски поздрав,
Лаудруп и Панчев

**Македонија - Данска 1:1 (1:0)**

Скопје, 7 септември 1994 година. Градски стадион. Гледачи околу 22.000. Судија: Ван Дер Енде од Холандија. Стрелци: Митко Стојковски во 4 минута за Македонија, Поулсен во 86 минута за Данска. Жолт картон: Бошковски (М), Брајан Лаудруп, Олсен (Д). Црвен картон: Панчев (М).

МАКЕДОНИЈА: Трајчев, Станојковиќ, З. Јованоски, Стојковски, Најдоски, Марковски, Бошковски (Серафимовски), Б. Ѓуроски, Панчев, Бабунски (Кантларовски), Т. Мицевски. Селектор: Андон Дончевски.

ДАНСКА: Шмајхел, Хелвег, Рипер, Олсен, Хансен, Нилсен (Ларсен), Јенсен, Вилфорд (Поулсен), Кристенсен, Михаел Лаудруп, Брајан Лаудруп. Селектор: Ричард Мелер Нилсен.

Следат нови предизвици. Настапот под македонско знаме во Брисел е оспорен. Притисокот да се игра без знаме, но и без интонација на химната, Белгија ја чинеше неуспех против дополнително мотивираните македонски момчиња. Ново македонско реми (1:1) одекна во Европа. Политички набој го следеше и мечот со Кипар, во кој Македонија дојде до првата победа во квалификациската група (3:0).

На Градскиот стадион во Скопје, единствениот објект за официјалните натпревари, се редат фудбалски великани кои настапуваат во редовите на Ирска, Хрватска, Југославија, Турција, Шведска, Романија, Чешка, Англија, Украина... Селекторите се менуваат. "Црвено-жолтите" под команда на Ѓоко Хаџиевски имаа прилика, но не ја искористија историската шанса да се учествува во бараж за пласманот на СП-98. Македонија сепак забележа резултат за историјата. Го совлада аутсајдерот Лихтенштајн во гости со 11:1 и на рејтинг листата на ФИФА, во јануари 1999 година, дојде до 58-то место. Драган Канатларовски, Ѓорѓи Јовановски, Никола Илиевски и по вторпат Канатларовски, седеа во жешката селекторска фотеља, во последните пет години. Сепак, за Македонија остана резервирана четвртата позиција, во одиграните пет квалификациски циклуси, три за ЕП и два за СП. Ентузијазмот догоре, професионализмот во мак-фудбалот тешко го зазема своето место. Репрезентацијата се врати околу 90-тото место на ФИФА рејтинг листата, каде стартуваше на дебито.

На домашната клупска сцена по апсолутната, тригодишна доминација на Вардар, приматот по три години го имаа Силекс и Слога Југомагнат, за да во последните две сезони повторно на сцената се врати Вардар. Во куп-натпреварувањето големиот трофеј покрај шампионите Вардар, Силекс и Слога Југомагнат по еднаш го освоија и Победа, Пелистер и Цементарница 55.



Пријателски натпревар помеѓу
репрезентациите на Македонија и СиЦГ

## ЗА ФУТСАЛЕРИТЕ И ЗА ДАМИТЕ

Со финансиска помош на ФИФА и УЕФА, во Македонија се организираат и шампионати во мал фудбал (Футсал) и првенство во женски фудбал.

Во последните неколку сезони, футсалот е особено во подем. На репрезентативно ниво Македонија настапи и во квалификациските циклуси за Европскиот и Светскиот шампионат. Иако досега не сме оствариле учество во завршниците на шампионатите, факт е дека Македонија во оваа конкуренција е сé порамноправен противник на светските и европските велесили, како Италија, Русија и т.н. Актуелен шампион во мал фудбал е КМФ Скопје, а истата екипа триумфираше и во националниот куп.

Минатата година дамите во копачки го одиграа првиот шампионат, а првата титула ја освои екипата на Ломбардини од Скопје.



**Селектори на "А" репрезентацијата на Македонија**

**Андон Дончевски**
јули 1993 // декември 1995

**Ѓоко Хаџиевски**
февруари 1996 // август 1999

**Драган Канатларовски**
септември 1999 // мај 2001

**Ѓоре Јовановски**
мај 2001 // февруари 2002

**Никола Илиевски - Цици**
февруари 2002 // август 2003

**Драган Канатларовски**
од август 2003

Вардар воедно, беше првиот македонски клуб кој настапи на меѓународната сцена, но дебито против унгарскиот претставник Бекешчаба беше неславно. Веќе наредната година, покрај Вардар, и Силекс излегува во еврокуповите, а за првпат според пласманот се појавија и Слога Југомагнат, Победа, Пелистер, Цементарница и Македонија Асиба. На клубската сцена најдалеку стигна најтрофејниот колектив Вардар. По подолга пауза ја врати фудбалската треска во Скопје. Дојде до прагот од милионската Лига на шампионите. Достојно беше елиминиран во 3-тото квалификациско коло од Спарта од Прага, а од својата најуспешна евро сезона дефинитивно се прости во првото коло од Купот на УЕФА, против славната Рома.

Првите десет самостојни години се зад нас. Причини за задоволство има многу. Но пред македонскиот фудбал допрва престојат предизвици. ФФМ со помош на инвестициски програми на ФИФА и УЕФА си постави задача да создаде соодветна фудбалска инфраструктура. Акцијата почна. Честите гости од европскиот фудбал не кријат дека доаѓаат да му помогнат на македонскиот фудбал да стане современ и успешен.

Во неколку моменти покажавме дека можеме и умееме.

Топка е. Сепак се врти...

# моменти кои се паметат...



**Љубисав Иванов - Синго**
прв претседател на ФФМ

Знаејќи дека приемот на ФФМ (тогаш ФСМ) во ФИФА и УЕФА овозможува нашите репрезентации и клубови да се натпреваруваат во циклусот за европското и светското првенство и во клубските натпреварувања од календарот на УЕФА, приоритет доби ангажираноста за интегрирање на ФФМ во европската и светската фудбалска асоцијација. Токму затоа приемот во ФИФА и УЕФА, а веднаш потоа и учеството на македонската репрезентација во квалификациите за Европското првенство 1996 и Светското првенство во Франција 1998, има историска вредност.



**Андон Дончевски**
селектор на "А тимот"
на првиот официјален натпревар
на македонската
фудбалска репрезентација

Прифаќањето на македонскиот фудбал во семејството на ФИФА и УЕФА претставува еден грандиозен настан и за државата и за фудбалот во Македонија. Датуми за паметење. Колку само макотрпно работевме, нека знаат идните генерации за навек. И Чикаго и Виена се вечно запишани во нашите срца.

За мене првиот настап на македонската репрезентација е незаборавен момент. Во Крањ се роди ново еуфорично чувство за сите нас. Чикаго посебно останува во сеќавање поради сé она што се одигруваше пред приемот кој, морам да потенцирам, беше со акламација, бројни "игри" со знамето, но сé добро се заврши.

Никогаш нема да го заборавам и Брисел, како најтежок настан во мојата селекторска кариера. Натпреварот со Белгија беше доведен во прашање поради силното негирање на нашите државни обележја од јужниот сосед. Сепак се изборивме да ни́ се интонира химната и заедно со незаборавната слика од илјадници македонски знамиња на трибините, му покажавме и докажавме на светот дека постоиме и дека како такви треба да бидеме прифатени.



**Дарко Панчев**
првиот предводник на
"црвено-жолтите" и
фудбалер на векот
според изборот на ФФМ

Чувството да настапуваш за својата репрезентација не се опишува со зборови. Довербата да бидам првиот капитен кој ја изведе македонската репрезентација на меѓународната сцена останува врежана во фудбалската историја. Имавме добар тим, со костурот од "златната" вардарова генерација, кој поради сплет на низа случувања не го кажа својот збор и во репрезентацијата, за што искрено жалам. Една од тие причини е и моето несреќно исклучување на стартот од првите квалификации, против актуелниот европски првак Данска во Скопје (1:1), вели Дарко Панчев, кој со гордост се навраќа на почетоците на македонскиот репрезентативен фудбал.

Несудениот носител на "златната копачка" на Европа, за репрезентацијата на Македонија одигра само шест натпревари и еднаш ја погоди мрежата, на премиерниот натпревар во Крањ, против Словенија. Остана должен за головите со кои се прослави ширум светот во дресот на Вардар и белградска Црвена ѕвезда, италијанскиот Интер, германските Лајпциг и Фортуна, како и швајцарскиот Сион.



**Драган Канатларовски**
актуелен селектор на
"А" репрезентацијата и
поранешен репрезентативец

Еден голем чин за македонската држава. За првпат оформивме самостојна лига, имавме можност да ги браниме боите на Македонија. Како учесник на првиот натпревар против Словенија во Крањ доживеав незаборавни моменти. Дебитирав во националниот тим, постигнав гол и на големо задоволство победивме.

Македонија со приемот во УЕФА и ФИФА доби многу, затоа што тоа, директно или индиректно, помогна во афирмацијата на спортот и државата воопшто.

Конечно, за првпат доживеавме да навиваме како македонци.

# црвена... црвена...

## Настапи на македонската репрезентација








**досегашни средби** : 95 официјални (24 п. / 28 н. / 43 з.)
**дадени голови** : 120 (1,26 по натпревар)
**примени голови** : 141 (1,48 по натпревар)
**квалификации** : 46 (9 п. / 14 н. / 23 з.)
**дадени голови** : 66
**примени голови** : 88
**пријателски** : 49 (15 п. / 4 н. / 20 з.)
**највисока победа** : Лихтенштајн - Македонија 1:11
**најдобар стрелец** : Ѓорѓи Христов - 17 голови на 46 средби
**рекордер по настапи** : Артим Шаќири (60 натпревари)

Македонија - Романија



Лихтенштајн - Македонија



Турција - Македонија



Македонија - Англија



Македонија - Р. Ирска



**Квалификации за Европско првенство 2004**

- 10.09.2003, Жилина
Словачка - Македонија 1:1
- 06.09.2003, Скопје
Македонија - Англија 1:2
- 11.06.2003, Истанбул
Турција - Македонија 3:2
- 07.06.2003, Скопје
Македонија - Лихтенштајн 3:1
- 29.03.2003, Скопје
Македонија - Словачка 0:2
- 16.10.2002, Саутемптон
Англија - Македонија 2:2
- 12.10.2002, Скопје
Македонија - Турција 1:2
- 08.09.2002, Вадуз
Лихтенштајн - Македонија 1:1

**Квалификации за Светско првенство 2002**

- 07.10.2001, Скопје
Македонија - Словачка 0:5
- 05.09.2001, Баку
Азербејџан - Македонија 1:1
- 01.09.2001, Скопје
Македонија - Шведска 1:2
- 06.06.2001, Бурса
Турција - Македонија 3:3
- 02.06.2001, Скопје
Македонија - Молдавија 2:2
- 28.04.2001, Скопје
Македонија - Турција 1:2
- 24.03.2001, Гетеборг
Шведска - Македонија 1:0
- 11.10.2000, Кишињев
Молдавија - Македонија 0:0
- 06.10.2000, Скопје
Македонија - Азербејџан 3:0
- 03.09.2000, Братислава
Словачка - Македонија 2:0

**Квалификации за Европско првенство 2000**

- 09.10.1999, Скопје
Македонија - Р. Ирска 1:1
- 08.09.1999, Скопје
Македонија - Југославија 2:4
- 05.09.1999, Белград
Југославија - Македонија 3:1
- 09.06.1999, Даблин
Р. Ирска - Македонија 1:0
- 06.05.1999, Скопје
Македонија - Хрватска 1:1
- 18.11.1998, Ла Валета
Малта - Македонија 1:2
- 14.10.1998, Загреб
Хрватска - Македонија 3:2
- 06.09.1998, Скопје
Македонија - Малта 4:0

**Квалификации за Светско првенство 1998**

- 11.10.1997, Скопје
Македонија - Литванија 1:2
- 06.09.1997, Вилнус
Литванија - Македонија 2:0
- 20.08.1997, Букурешт
Романија - Македонија 4:2
- 07.06.1997, Скопје
Македонија - Исланд 1:0
- 02.04.1997, Скопје
Македонија - Р. Ирска 3:2
- 14.12.1996, Скопје
Македонија - Романија 0:3
- 09.11.1996, Вадуз
Лихтенштајн - Македонија 1:11
- 09.10.1996, Даблин
Р. Ирска - Македонија 3:0
- 01.06.1996, Рејкјавик
Исланд - Македонија 1:1
- 24.04.1996, Скопје
Македонија - Лихтенштајн 3:0

**Квалификации за Европско првенство 1996**

- 15.11.1995, Елче
Шпанија - Македонија 3:0
- 11.10.1995, Лимасол
Кипар - Македонија 1:1
- 06.09.1995, Скопје
Македонија - Ерменија 1:2
- 07.06.1995, Скопје
Македонија - Белгија 0:5
- 10.05.1995, Ереван
Ерменија - Македонија 2:2
- 26.04.1995, Копенхаген
Данска - Македонија 1:0
- 17.12.1994, Скопје
Македонија - Кипар 3:0
- 16.11.1994, Брисел
Белгија - Македонија 1:1
- 12.10.1994, Скопје
Македонија - Шпанија 0:2
- 07.09.1994, Скопје
Македонија - Данска 1:1

**Официјални пријателски натпревари**

- 28.04.2004, Скопје
Македонија - Хрватска 0:1
- 31.03.2004, Скопје
Македонија - Украина 1:0
- 18.02.2004, Скопје
Македонија - Б и Х 1:0
- 29.01.2004, Сузоу Џи Јансу
Кина - Македонија 1:0
- 27.01.2004, Јиву Це Јанг
Кина - Македонија 0:0
- 11.10.2003 - Киев
Украина - Македонија 0:0
- 20.08.2003, Прилеп
Македонија - Албанија 3:1
- 02.04.2003, Лозана
Португалија - Македонија 1:0
- 14.02.2003, Сплит
Полска - Македонија 3:0
- 09.02.2003, Шибеник
Хрватска - Македонија 2:2
- 20.11.2002, Скопје
Македонија - Израел 2:3
- 21.08.2002, Скопје
Македонија - Малта 5:0
- 17.04.2002, Прилеп
Македонија - Финска 1:0
- 27.03.2002, Сараево
Б и Х - Македонија 4:4
- 10.01.2002, Бахреин
Македонија - Финска 0:3
- 07.01.2002, Бахреин
Македонија - Бахреин 1:1
- 05.01.2002, Бахреин
Македонија - Албанија 0:0
- 30.12.2001, Оман
Оман - Македонија 2:0
- 14.11.2001, Будимпешта
Унгарија - Македонија 5:0
- 15.08.2001, Софија
Бугарија - Македонија 1:0
- 01.08.2001, Ријад
С. Арабија - Македонија 1:1
- 24.07.2001, Лизе/Париз
Катар - Македонија 1:0
- 28.02.2001, Скопје
Македонија - Р. Чешка 1:1
- 27.07.2000, Варна
Азербејџан - Македонија 1:2
- 09.06.2000, Техеран
Иран - Македонија 3:1
- 07.06.2000, Техеран
Македонија - J. Кореја 1:2
- 26.04.2000, Прилеп
Македонија - Албанија 1:0
- 29.03.2000, Зеница
Б и Х - Македонија 1:0
- 23.02.2000, Скопје
Македонија - Југославија 1:2
- 10.02.1999, Тирана
Албанија - Македонија 2:0
- 29.09.1998, Куманово
Македонија - Египет 2:2
- 03.06.1998, Скопје
Македонија - Б и Х 1:1
- 18.05.1998, Торонто
Канада - Македонија 1:0
- 16.05.1998, Сан Хозе
САД - Македонија 0:0
- 22.04.1998, Техеран
Македонија - Унгарија 0:0
- 20.04.1998, Техеран
Македонија - Јамајка 2:1
- 18.04.1998, Скопје
Македонија - J. Кореја 2:2
- 27.03.1998, Скопје
Македонија - Бугарија 1:0
- 12.03.1997, Скопје
Македонија - Австралија 0:1
- 27.11.1996, Ла Валета
Малта - Македонија 0:2
- 28.05.1996, Софија
Бугарија - Македонија 3:0
- 27.03.1996, Прилеп
Македонија - Малта 1:0
- 30.08.1995, Истанбул
Турција - Македонија 2:1
- 12.04.1995, Струмица
Македонија - Бугарија 0:0
- 31.08.1994, Скопје
Македонија - Турција 0:2
- 01.06.1994, Скопје
Македонија - Естонија 2:0
- 14.05.1994, Тетово
Македонија - Албанија 5:1
- 23.03.1994, Скопје
Македонија - Словенија 2:0
- 13.10.1993, Крањ
Словенија - Македонија 1:4

**Неофицијални пријателски натпревари**

- 12.02.2003, Сплит
Хајдук - Македонија 1:1
- 28.12.2002, Билбао
Баскија - Македонија 1:1
- 23.12.2000, Овиедо
Астурија - Македонија 1:0

**МЛАДИНСКИ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ**

Паралелно со настапите на "А" селекцијата, во квалификациски циклуси за европските шампионати и Олимписките игри учествуваше и репрезентацијата до 21 година.

Прв селектор на оваа селекција беше Јово Никушев. Првиот официјален, квалификациски натпревар го одигравме во Кочани со селекцијата на Данска. Воедно тоа беше и прва победа (5:3) за нашиот млад тим. Во првиот циклус дебитираа денешните носители на играта на "А" националниот тим: Шаќири, Христов, Седлоски, Милошевски, Ставревски.

Токму во првото учество во квалификациски циклус во оваа категорија фудбалери го оствариvме и најголемиот успех. Покрај Данска беше совладана и селекцијата на Белгија со 3:0, од која пак доживеавме и убедлив пораз од 7:0.

Од резултатите кои би ги издвоиле во досега одржаните 5 квалификациски циклуси покрај овие две победи се и нерешените средби со Англија, Словачка, Шведска во Скопје и со Р. Ирска во гости 0:0, иако подоцна овој натпревар службено го загубивме.

Досега на чело на младата репрезентација продефилираа 8 селектори, Јово Никушев, Зоран Смилевски, Перица Груевски, Благоја Китановски, Никола Илиевски - Ципи, Жарко Оџаков, Бобан Бабунски и Мирсад Јонуз.

Македонските селекции редовно учествуваат и во квалификациските циклуси за фудбалери и во помладите категории. Најголемата шанса за учество на завршен турнир ја имаше репрезентацијата до 19 години, која под водство на Жарко Оџаков беше елиминирана во баражот со селекцијата на Шпанија, која подоцна се закити со титулата европски шампион.

златни години

## Година на јубилеи



**Јозеф Сеп Блатер**
Претседател на ФИФА



Имам огромно задоволство да му честитам на секој од Вас во Фудбалската федерација на Македонија за прославата на нејзината 10 годишнина како дел од фамилијата на ФИФА. Како што знаете, оваа година ФИФА ја прославува својата 100 годишнина, а исто така УЕФА ја прославува својата 50 годишнина, што е од особена важност да се знае дека сите ние можеме заедно да ја споделиме оваа година на прослави.

Навраќајќи се на Вашата прва декада, јасно е дека фудбалот во Македонија, со нејзиното растечко искуство и континуиран развој, сега е подготвен да се лансира себеси во нови височини. Секој член на федерацијата има да одигра важна улога во овие напори - сите Вие сте амбасадори на нашиот голем спорт и Вашата љубов кон прекрасната игра овозможува плодна почва за светла иднина на фудбалот во Македонија.

Во името на ФИФА и целокупната светска фудбалска фамилија, Ви посакувам се најдобро за Вашата 10 годишница како членка на ФИФА, и се надевам дека ќе немате ништо друго освен успех во декадите што доаѓаат.



**Ленарт Јохансон**
Претседател на УЕФА



Оваа година УЕФА ја слави својата 50 годишнина. Од тогаш, фудбалскиот спорт како во Европа така и насекаде во светот помина мошне долг пат. Оваа година Фудбалската федерација на Македонија слави 10 години во срцето на европскиот фудбал и како членка на УЕФА.

Ми причинува големо задоволство што сум во можност да ги искажам моите најискрени честитки и најдобри желби по повод оваа годишнина. Десет години се долг период во спортот, а исто така и во фудбалот. Последните 10 години ние видовме многу значајни промени во начинот на организирање на Европскиот фудбал, што беше најзабележително на фронтот на клубскиот фудбал. Ние го видовме раѓањето и експанзијата на УЕФА Лигата на шампиони и континуитетот во порастот на популарноста на европската игра на сите нивоа.

Сега ние во УЕФА силно го поддржуваме младинскиот, женскиот, како и малиот фудбал, а "grassroots" (играта на "петлињата") се роди за да ја обезбеди следната генерација на фудбалери за европската сцена.

Преку нашата солидарност со помалите национални сојузи ние се надеваме да го зајакнеме духот на заедништвото и пријателството што ќе ја охрабри и промовира нашата игра на сите нивоа, насекаде на континентот.

Заради тоа во 2004, кога ние ја славиме нашата 50 годишнина јас ја користам оваа можност да Ви ги изразам моите најтопли желби и уште еднаш моите честитки од срце. Ви благодарам за 10-те години од Вашето членство и Ви посакувам континуитет и успешна иднина во ова наше европско, фудбалско семејство.





## Фудбалско првенство на Македонија

првенство



### Прва Македонска фудбалска лига сезона 1992/1993 година

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
